Даворин Трпески

# **МЕЃУНАРОДНА СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА „ROAMING ANTHROPOLOGY IV“ „ТИТО – СТАРА ИКОНА ВО НОВИ КОНТЕКСТИ “ (27.4. - 1.5. 2006 г., Нова Горица, Република Словенија)**

Конференцијата „Roaming Anthropology IV“ претставува само продолжение на идејата на студентите по етнологија и антропологија од Белград за формирање студентска мрежа помеѓу студентите по етнологија и антропологија од Белград, Загреб, Љубљана и од Скопје. По одржаните конференции, две во Белград (Република Србија) и една во Охрид (Република Македонија), веќе кон крајот на април претстоеше реализацијата на Конференцијата во Нова Горица (Република Словенија). Студентите на додипломски и на постдипломски студии од Словенија решиле носечкиот наслов на новата конференција да биде во контекст на поранешната заедничка држава СФРЈ и на симболите поврзани со неа: „Тито - стара икона во нови контексти“.

Според словенечките студенти, насловот бил извлечен поради својата актуелност и поради присуството што се манифестира и до ден-денеска. Имено, ликот на Тито е присутен на сцената во сите поранешни југословенски републики и покрај промената на политичкиот систем и распадот на СФРЈ, а токму тоа, од аспект на етнологијата и на антропологијата, побудува интерес за истражување, следење на начинот на функционирање во овој постсоцијалистички период.

Студентите од сите четири одделенија за етнологија и антропологија имаа за цел да направат истражувања во сопствените средини и на Конференцијата да ги презентираат истите. До крајот на 2006 година, студентските истражувања, односно трудовите треба да бидат и публикувани во зборник. Така, на Конференцијата беа присутни темите: *Југоностлагијата - мит за златното доба*, *Југоностагијата во Словенија*, *Винчанското писмо*, *Друже Тито, ми ти се кунемо - песната на прославата на Денот на младоста во Кумровец во 2004*, *Тој пак крена врева*, *Тито од соседството*, *Пропагандните натписи на Горишка*, *Политичките митови произлезени од концептот на СФРЈ: митологијата на Мира Марковиќ*, *Каде се споменициите?*, *http://www.tito.nostalgija.com/unizam*, *Проблематиката на државните симболи во Република Словенијав*, *Тито во историските учебници во Словенија преку примерите од осумдесеттите и од деведесеттите години*, *Етнографскиот филм: Камените графити на Тито* итн. Исто така, покрај учеството на студентите, белег на Конференцијата оставија и менторите проф. д-р Рајко Муршич, доц. д-р Саша Недељковиќ и асс. м-р Даворин Трпески.

На последниот ден од Конференцијата, учесниците одлучија следната конференција „Roaming Anthropology V“ да се одржи во Сараево, Република Босна и Херцеговина, во организација на студентските клубови и друштва по етнологија и антропологија од Љубљана, Загреб, Белград и од Скопје со своите одделенија за етнологија и антропологија.